МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# ОПЕРАТИВЕН ПЛАН
за изменување и дополнување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година.

Скопје,  јуни 2014 година

## 5. ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Во рамките на оваа Програма, се предвидува обука, со цел зголемување на конкурентноста на пазарот на трудот, усогласување на понудата и побарувачката на работната сила, како и зголемување на вработливоста на евидентираните невработени лица. При креирање на мерките од Програмата за подготовка за вработување, земени се предвид и сознанијата добиени од спроведената Анализа за потребите од вештини на пазарот на труд во Република Македонија, работодавачите, стопанските комори, како и сознанијата од стручните служби на АВРМ и сознанијата од реализираната Анкета за слободни работни места.

Програмата ќе се реализира преку следниве мерки:

**5.1 Обука кај познат работодавач**
5.2 Обука кај познат работодавач со субвенционирање
**5.3 Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот**
**5.4 Обука за напредни ИТ вештини**
**5.5 Практична работа (практикантство**)
5.6 Едукација за започнување на бизнис
**5.7 Мотивациони обуки**
**5.8 Обуки за општи вештини**

### 5.1 Обука кај познат работодавач

| | |
|---|---|
| Цел | Целта на оваа мерка е евидентираните невработени лица да стекнат определено ниво на знаења и вештини согласно утврдени потреби за работни места од страна на работодавачот. |
| Краток опис | Со оваа мерка им се овозможува обука на евидентираните невработени лица со завршено основно или средно образование кај работодавач, која ќе му овозможи полесно вработување, при што обврска на работодавачот е да задржи најмалку 50% од обучените лица. |
| Опфат на корисници | 1.125[1] невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ |
| | **дополнителни 250[2] невработени лица поддржани во ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Потребни средства | 22.580.000,00 денари од кои 1.400.000,00 денари ќе бидат исплатени на лица вклучени во обука во 2013 година |
| | **дополнителни 5,685,600,00[3] денари од ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Извори на средства | Буџет на АВРМ - Подсметка за активни програми и мерки за вработување<br>**Инструмент за претпристапна помош - Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |

[1] Од вкупниот број на опфатени 1.125 невработени, 125 лица се вклучени на обука преку оваа мерка во 2013, за кои исплатата ќе се реализира во 2014 година.

[2] **250 невработени лица ќе бидат опфатени во 2014 од вкупно 1000 лица планирани во проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, кој ќе трае 2 години. Бројот на лицата вклучени во проектот ќе зависи од датумот на потпишување на договорот за отпочнување на имплементацијата.**

[3] **Во потребните финансиски средства не се вклучени административните трошоци за имплементација на мерката**

| | |
|---|---|
| Надлежни институции за имплементација | МТСП<br>АВРМ |

**Услови и критериуми**

Со обуката ќе се опфатат невработени лица евидентирани како активни баратели на работа во АВРМ. Приоритет ќе имаат лицата со основно или средно образование, при што работодавачот не може да врши повеќе од една подготовка за вработување за исто лице.

Подготовката за вработување трае до три месеци, согласно доставениот план за обука, со обврска работодавачот да вработи најмалку 50% од вклучените лица во обуката, да не го намали бројот на вкупно вработените лица со полно работно време во рок од 6 месеци, и да доставува до АВРМ месечни листи за евиденција на редовност. Висината на паричните средства за невработеното лице вклучено во подготовката изнесува 5.700,00 денари месечно, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Работодавачот ќе биде обврзан да достави план/програма за обука, според однапред подготвен образец.
На работодавачот, за време на обуката му се исплаќаат средства за менторство и материјални трошоци кои месечно се во износ од:

- 4.000,00 денари за ангажирање од 1 до 3 лица;
- 7.400,00 денари за ангажирање од 4 до 6 лица;
- 13.600,00 денари за ангажирање од 7 до 10 лица;
- 18.000,00 денари за ангажирање од 11 до 15 лица;
- 21.600,00 денари за ангажирање од 16-20 лица и
- 25.000,00 денари за ангажирање над 20 лица.

Доколку еден работодавач организира повеќе обуки, средствата за менторство ќе се исплаќаат врз основа на вкупниот број лица влучени во обуките.

| 5.3.А - Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот |
|---|

| | |
|---|---|
| Цел | Мерката има за цел зголемување на вработливоста на евидентираните невработените лица преку стекнување на вештини од побарувани занимања, согласно искажаните потреби за работна сила |
| Краток опис | Обуката ќе се реализира според одобрени и верификувани програми за обука од МОН, по претходно добиено позитивно стручно мислење од ЦСОО за установи[4] и/ или според верификувани посебни програми за образование на возрасни од ЦОВ. Лицата кои успешно ќе ја завршат обуката, ќе се стекнат со сертификат/уверение издаден од лиценциран спроведувач на обука. |
| Опфат на корисници | 232 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ |
| | **дополнителни 125[5] невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ поддржани во ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |

[4] Установи се училишта и високо образовни установи.
[5] **125 невработени лица ќе бидат опфатени во 2014 од вкупно 500 лица планирани во проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, кој ќе трае 2 години. Бројот на лицата вклучени во проектот ќе зависи од датумот на потпишување на договорот за отпочнување на имплементацијата.**

| | |
|---|---|
| Потребни средства | 12.713.600,00 денари<br>**дополнителни 6.889.193,00[6] денари од ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Извори на средства | Буџет на АВРМ - Потсметка за активни програми и мерки за вработување<br>**Инструмент за претпристапна помош - Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Надлежни институции за имплементација | МТСП, АВРМ, МОН, ЦСОО, ЦОВ, УНДП<br>спроведувачи на обуки (образовни установи и институции) |

**Услови и критериуми**

Обуките ќе бидат насочени кон занимања кои се побарувани на пазарот на трудот, дефинирани согласно постапка која предвидува поширока промоција и детектирање на потребите од квалификувана работната сила на локално ниво, како и податоците добиени врз основа на Анализата на потреби од вештини подготвена од Агенцијата за вработување, анализи за побаруваните занимања спроведени на локално ниво, истражувања на организацијата на работодавачи, стопанските комори и информации од центрите за вработување и локалната самоуправа. Обуките ќе се спроведуваат од страна на образовни установи и институции за образование на возрасни[7] и тоа:

- по претходно известување за искажан интерес од страна на образовни установи, дадено мислење од страна на ЦСОО и верификување на програмата од страна на МОН; или
- по претходно објавен јавен оглас за институции/установи за образование на возрасни од страна на ЦОВ и верификување на посебната програма за образование на возрасни од страна на ЦОВ.

Обуките ќе се реализираат доколку се обезбеди доволен број на заинтересирани кандидати. Критериумот за учество во обуката за секое од занимањата, од аспект на потребното претходно образовно ниво, ќе биде дефиниран со програмите за обука.

На лицата кои ќе бидат вклучени во обуката, за деновите на обука ќе им се обезбеди надомест за покривање на трошоците за храна и превоз во висина од 6.200,00 ден месечно по лице (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување). Право на учество имаат евидентирани невработени лица, кои активно бараат работа.

Обуката ќе се реализира во период од 3 месеци во установи и/или институции. По завршување на обуката, кандидатите ќе изведуваат практична работа во реални услови кај работодавачи во времетраење од 1 месец.

По завршување на периодот планиран за практична работа, лицата треба да добијат потврда за реализирана практична работа кај работодавач.

---

[6] **Во потребните финансиски средства не се вклучени административните трошоци за имплементација на мерката**

[7] **Образовните установи и институциите за образование на возрасни за обуките финансирани од проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, ќе бидат избрани со јавна набавка**

По завршената обука и положен испит, невработеното лице ќе се стекне со соодветен документ за реализираната обука, кој ќе биде внесен во индивидуалното досие на евидентираното невработено лице.

## 5.4 Обука за напредни ИТ вештини

| | |
|---|---|
| Цел | Мерката има за цел надградба на вештините на евидентираните невработени лица од областа на информациските технологии, заради зголемување на нивната вработливост и конкурентност на пазарот на трудот |
| Краток опис | Обуката ќе се реализира преку лиценцирани обучувачки центри, избрани по пат на оглас. На крајот на обуката, лицата добиваат уверение за завршена обука и полагаат завршни испити за здобивање со сертификат од посетуваните обуки |
| Опфат на корисници | 100 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ |
| | **дополнителни 58[8] невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ поддржани во ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Потребни средства | 8.305.800,00 денари |
| | **дополнителни 5,376,600,00[9] денари од ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Извори на средства | Буџет на АВРМ - Потсметка за активни програми и мерки за вработување<br>**Инструмент за претпристапна помош - Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Надлежни институции за имплементација | МТСП, МИОЈА, АВРМ<br>лиценцирани обучувачки центри |

**Услови и критериуми**

Обуките ќе бидат насочени кон надградба на вештините од областа на информациските технологии на евидентираните невработени лица и ќе се спроведуваат за следниве програмски пакети:

- Дизајн: (1) графички дизајн, (2) 3Д анимација и постпродукција;
- Java Web Development;
- Cisco Certified Network Associate Routing & Switching (CCNA);
- Microsoft Certified Solution Associcate (MCSA);

Обуките ќе се реализираат во Скопје и во други градови, во зависност од обезбедените услови за обука и пројавениот интерес на невработените кандидати за учество во мерката. АВРМ ќе распише тендер до сите заинтересирани обучувачки центри, согласно претходно утврдени

[8] **58 невработени лица ќе бидат опфатени во 2014 од вкупно 230 лица планирани во проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, кој ќе трае 2 години. Бројот на лицата вклучени во проектот ќе зависи од датумот на потпишување на договорот за отпочнување на имплементацијата.**

[9] **Во потребните финансиски средства не се вклучени административните трошоци за имплементација на мерката**

критериуми од страна на Работната група, и во соработка со МИОЈА, ќе изврши избор на најповолни обучувачи.

Право на учество во мерка имаат евидентирани невработени лица со завршено средно или високо образование. Изборот на невработените кандидати кои ќе бидат вклучени во обуката е дел од обврската на обучувачките центри, кои треба да направат претходна проверка на соодветните ИТ вештини, врз основа на дефинираните критериуми од страна на МИОЈА. Времетраењето на обуката е од 3 до 6 месеци. По завршување на обуките, лицата добиваат уверение за посетувана обука и полагаат завршен испит за стекнување со меѓународен сертификат. Полагањето на завршниот испит за програмските пакети треба да се реализира во рок од три месеци од завршување на обуките, а за лицата кои завршиле обуки од програмските пакети кои се лиценцирани од страна на MICROSOFT, ќе им биде овозможено повторно полагање на завршен испит доколку не го положиле истиот. Повторното полагање на испитот ќе се овозможи во период од три месеци од датумот кога е направено првото полагање на завршниот испит.
Лицата кои биле корисници на оваа мерка во претходните години, не може повторно да бидат вклучени во обуката.

## 5.5 Практична работа (практикантство)

| | |
|---|---|
| Цел | Целта на оваа мерка е зголемување на вработливоста кај млади невработени лица, со што им се овозможува подготвени да се вклучат на пазарот на трудот |
| Краток опис | Поддршката ќе се обезбеди за евидентирани невработени лица до 29-годишна возраст со завршено средно или високо образование за истите да се стекнат со одредени практични знаења и вештини |
| Опфат на корисници | 319[10] невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ |
| | **дополнителни 250[11] невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ поддржани во ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Потребни средства | 5.150.000,00 денари од кои 500.000,00 денари ќе бидат исплатени на практиканти вклучени во 2013 година |
| | **дополнителни 4,681,350,00[12] денари од ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Извори на средства | Буџет на АВРМ - Потсметка за активни програми и мерки за вработување<br>**Инструмент за претпристапна помош - Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| Надлежни институции за имплементација | МТСП, АВРМ, Работодавачи |

**Услови и критериуми**

[10] Од вкупниот број на опфатени 319 невработени, 69 практиканти се вклучени преку оваа мерка во 2013, за кои исплатата ќе се реализира во 2014 година.
**11 250 невработени лица ќе бидат опфатени во 2014 од вкупно 1000 лица планирани во проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, кој ќе трае 2 години. Бројот на лицата вклучени во проектот ќе зависи од датумот на потпишување на договорот за отпочнување на имплементацијата.**
[12] **Во потребните финансиски средства не се вклучени административните трошоци за имплементација на мерката**

Со оваа мерка се планира да бидат опфатени млади невработени лица до 29 годишна возраст, а приоритет ќе имаат лицата со завршено средно или високо образование, преку нивно вклучување во мерки за практична работа за период од 3 месеци. За спроведување на оваа мерка, ќе се исплаќаат по 6.200,00 денари за лице месечно, со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување. Мерката не вклучува работодавачи од државни, јавни институции, единиците на локална самоуправа и Градот Скопје, невладини организации и здруженија на граѓани.[13] Право на учество имаат работодавачи кои имаат вработено најмалку едно лице.

Право на учество во мерката имаат евидентирани  активни баратели на работа. Во мерката за практична работа може да се вклучат и невработени лица со претходно работно искуство, доколку истото не било соодветно на профилот т.е. согласно завршеното ниво на образование.

Работодавачот ќе  биде обврзан да достави план/програма за практична работа и да назначи ментор за практикантот. Работодавачот ќе има можност за замена на лицето кое ќе се откаже од мерката за времетраење на Договорот со друго лице кое претходно аплицирало. На крајот на мерката, работодавачот ќе има обврска да издаде потврда за завршена практична работа.

**[13] Во рамките на ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, одреден процент на невработени лица ќе може да се вклучат како практиканти во невладините организации и здруженија на граѓани, според критериуми предвидени со договорот на проектот**

## 5.8 Обуки за општи вештини

| | |
|---|---|
| **Цел** | Целта на мерката е зголемување на вработливоста на невработените лица и зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот. |
| **Краток опис** | Со оваа мерка ќе се организираат курсеви за општи вештини (странски јазици и компјутери). |
| **Целна група** | Евидентирани невработени лица во АВРМ |
| **Опфат на корисници** | 3.000 невработени лица од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ<br>**дополнителни 1.000 невработени лица[14] од евиденцијата на активни баратели на работа во АВРМ поддржани во ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| **Потребни средства** | /<br>**4.017.000,00 денари од ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| **Извори на средства** | /<br>**Инструмент за претпристапна помош - Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“** |
| **Надлежни институции за имплементација** | АВРМ |

### Услови и критериуми

Ќе се организираат следниве обуки за општи вештини:

1. Обуки за странски јазици – основни и напредни курсеви, курсеви за деловен странски јазик, обуки за одреден сектор, пр. туризам и угостителство итн.
2. Обуки за основни компјутерски вештини – обуки за стандардни компјутерски апликации како на пример за обработка на текст, за пресметки, за управување со бази на податоци итн.

Обуките ќе ги спроведуваат образовни установи и институции за образование на возрасни.

**3. Мотивациски обуки**

**Обуките ќе ги спроведуваат образовни установи и институции за образование на возрасни, кои ќе бидат избрани со јавна набавка. По селекцијата, листата со обучувачи, обуки и локации каде ќе се спроведуваат овие обуки ќе бидат објавени во Центрите за вработување и на веб сајтот на Агенцијата за вработување.**

**АВРМ ќе направи селекција по добиените апликации од јавниот повик објавен за учество на ваков вид на обуки. Активните баратели на работа кои ќе аплицираат за учество во овие обуки ќе потпишат договор за учество во истите. По потпишувањето на договорот ќе се додели ваучер кои невработените можат да го искористат за една од обуките кои ќе бидат организирани.**

[14] **1.000 невработени лица ќе бидат опфатени во 2014 од вкупно 5.000 лица планирани во проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, кој ќе трае 2 години**

## I. ФИНАНСИСКА РАМКА

За имплементацијата на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување за 2014 година, потребни се 525.788.240,00 денари. **Истиот, ќе биде дополнет со средства од ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“[15], во вредност од 26.649.743,00[16]** (Табела бр.1 и Табела бр.2).

Во Буџетот на МТСП за 2014 година, се планирани 225.000.000,00 денари; во Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ 293.000.000,00 денари (9.000.000,00 денари- Буџет на АВРМ- главна сметка за обука; 94.500.000,00 денари- Буџет на АВРМ- Потсметка за активни програми и мерки за вработување; 189.000.000,00 денари- Буџет на АВРМ- Потсметка за Посебен фонд и 500.000,00 денари АВРМ- јавни огласи и соопштенија) и 7.788.240,00 денари во буџетот на УНДП (5.088.240,00 денари- Швајцарската Агенција за развој и соработка и 2.700.000,00 денари- УНДП), **и со средства од ИПА проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, ко-финансиран од Европската Унија и Владата на Република Македонија.**

За 2014 година средствата за имплементација на Оперативниот план ќе се определат во зависност од обезбедените средства со Буџетот на МТСП, Буџетот на АВРМ, **Инструментот за претпристапна помош** и различните извори на средства од меѓународни организации.

**Табела бр. 1** Преглед на потребни средства според вид на програми и мерки

| | **Програми и мерки** | **Опфат на лица** | **Потребни средства** |
|---|---|---|---|
| **1** | Програма Самовработување | 950 | 200.649.847,00 |
| **2** | Финансиска поддршка на правни субјекти (микро и мали претпријатија, занаетчии) за отворање на нови работни места | 100 | 10.725.653,00 |
| **3** | Субвенционирање на вработување | 937 | 240.170.000,00 |
| **4** | Пилот програма за субвенционирање на плодоуживатели на државно земјоделско земјиште | 26 | 2.246.400,00 |
| **5** | Програма за подготовка за вработување преку обуки | 6.976 | 59.250.900,00 |
| | **Програма за подготовка за вработување преку обуки финансирана од ИПА** | **1.683**[17] | **26.649.743,00** |
| **6** | Анкета за слободни работни места | 26 | 161.200,00 |
| **7** | Општинско- корисна работа | 100 | 3.600.000,00 |
| **8** | Пилот програма за вработување на припадниците на ромската етничка заедница | 20 | 5.088.240,00 |
| **9** | Пилот програма – Инкубатор на занаетчии | 10[18] | 696.000,00 |

[15] **Вкупниот буџет на проектот Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“ е 154.500.000,00 ден.**

[16] **Во потребните финансиски средства не се вклучени административните трошоци за имплементација на мерката**

[17] **1.683 невработени лица ќе бидат опфатени во 2014 од вкупно 7.730 лица планирани во проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)“, кој ќе трае 2 години. Бројот на лицата вклучени во проектот ќе зависи од датумот на потпишување на договорот за отпочнување на имплементацијата.**

[18] Занаетчиите вклучени во инкубаторот ќе бидат поддржани преку Програмата Самовработување да се стекнат со претприемачки вештини, да изработат бизнис план, да регистрираат правен субјект и да набават опрема и/или материјали како почетна инвестиција за започнување со занаетчиската дејност.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **10** | Промоција на програми и мерки од ОП 2014 | | 2,700,000.00 |
| **11** | Јавни соопштенија и огласи | | 500.000,00 |
| | **Вкупно** | **10.818** | **552.437.983,00** |

**Табела бр. 2** Преглед на извори на средства за реализација на програмите

| | **Извори на финансирање** | **Износ во денари за 2014** |
|---|---|---|
| 1 | Буџет на МТСП | 225.000.000,00 |
| 2 | Буџет на АВРМ – Главна сметка за обука | 9.000.000,00 |
| 3 | Буџет на АВРМ - Потсметка за активни програми и мерки за вработување | 94.500.000,00 |
| 4 | АВРМ- Јавни огласи и соопштенија | 500.000,00 |
| 5 | Буџет на АВРМ – Потсметка за Посебен фонд | 189.000.000,00 |
| 6 | Буџет на УНДП (преку Швајцарската Агенција за развој и соработка) | 5.088.240,00 |
| 7 | Буџет на УНДП | 2.700.000,00 |
| **8.** | **Проект „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)** | **26.649.743,00** |
| | **Вкупно** | **552.437.983,00** |

## *АНЕКС 2 – Буџет и извор на средства*

**5. ПРОГРАМА ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ**

**5.1 Обука кај познат работодавач**
5.2 Обука кај познат работодавач со субвенционирање за вработување
**5.3 Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот**
**5.4 Обука за напредни ИТ вештини**
**5.5 Практична работа (практикантство)**
5.6 Едукација за започнување на бизнис
**5.7. Мотивациони обуки**
**5.8 Обуки за општи вештини**

| 5 | Програми за подготовка за вработување | Износ (во ден.) | Период/месеци | Бр. на лица | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 5.1 | Обука кај познат работодавач | | | | |
| | Парична помош за невработеното лице | 5.700 | 3 | 1.000 | 17.100.000,00 |
| | Парична поддршка за работодавач (менторство и потрошен материјал) | | 3 | 1.000 | 4.080.000,00 |
| | Исплата на корисници од 2013 год. | | | 125 | 1.400.000,00 |
| | **Обука кај познат работодавач финансирана од Инструментот за претпристапна помош** | | **3** | **250** | **5.685.600,00** |
| | **Вкупно за 5.1** | | **3** | **2.375** | **28.265.600,00** |
| 5.2 | Обука кај познат работодавач со субвенционирање за вработување | | | | |
| | Парична помош за невработеното лице | 5.700 | 3 | 170 | 2.907.000,00 |
| | Субвенционирање за вработување | 13.000 | 3 | 170 | 6.630.000,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно за 5.2** | | **6** | **170** | **9.537.000,00** |
| 5.3.А | Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот | | | | |
| | Вкупно по лице за спроведувачите на обука | 30.000[19] | | 232 | 6.960.000,00 |
| | Надоместок за храна и превоз (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување) | 6.200 | 4 | 232 | 6.200.000,00 |
| | **Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот финансирана од Инструментот за претпристапна помош** | | **4** | **125** | **6.889.193,00** |
| | Вкупно 5.3.А | | | 357 | 19.602.793 |
| 5.3.Б | Обука за задоволување на побаруваните занимања на пазарот на трудот од сообраќајната струка | | | | |
| | Вкупно по лице за спроведувачите на обука | 25.950 | | 30 | 778.500,00 |
| | Надоместок за храна и превоз (со вклучен персонален данок на доход и осигурување во случај на несреќа при работа и професионално заболување) | 6.200 | 1 | 30 | 186.000,00 |
| | Вкупно 5.3.Б | | | 30 | 964.500,00 |
| | **Вкупно 5.3** | | | **387** | **20.567.293,00** |
| **5.4** | Обука за напредни ИТ вештини | | | | |
| | Вкупно по лице за спроведувачите на обука | 83.058 | | 100 | 8.305.800,00 |
| | **Обука за напредни ИТ вештини финансирана од Инструментот за претпристапна помош** | | | **58** | **5.376.600,00** |
| | **Вкупно 5.4** | | | **158** | **13.682.400,00** |
| 5.5 | Практична работа (практикантство) | | | | |
| | Финансиска поддршка за лицата до 29 години | 6.200 | 3 | 250 | 4.650.000,00 |
| | Исплата на корисници од 2013 год. | | | 69 | 500.000,00 |
| | **Практична работа (практикантство) финансирана од Инструментот за претпристапна помош** | | **3** | **250** | **4.681.350,00** |
| | **Вкупно 5.5** | | **3** | **569** | **9.831.350,00** |
| 5.6 | Едукација за започнување на бизнис | | | 2.000 | |
| | Вкупно 5.6 | | | 2.000 | 0,00 |
| 5.7 | Мотивациони обуки | | | 3.000 | |
| | **Вкупно 5.7** | | | **3.000** | |
| **5.8** | **Обуки за општи вештини финансирана од Инструментот за претпристапна помош** | | | **1.000** | **4.017.000,00** |

6 Од износот ќе се исплаќа по 1.000,00 денари за работодавачите (со вклучен персонален данок за покривање на материјалните трошоци за лицата кои ќе бидат упатени на практична работа).

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Вкупно 5.8** | | **1.000** | **4.017.000,00** |
| **5** | **Вкупно за 5.1+5.2+5.3.А+5.3.Б+5.4+5.5+5.6+5.7+5.8** | | **6,976** | **85.900.643,00** |
| | Буџет на АВРМ - Главна сметка за обука | | | 9.000.000,00 |
| | Буџетот на АВРМ - Потсметка за активни политики за вработување | | | 50,250,900.00 |
| | **Буџет на АВРМ – Сметка на проектот „Поддршка за вработување на млади лица, долгорочно невработени и жени (II)** | | | **26.649.743,00** |
| | **Вкупно обезбедени:** | | | **85.900.643,00** |